2614 8

ИЗЛОЖБИ

# ШАРМОТ НА ФАСАДИТЕ

● **(ЗА НОВИТЕ СЛИКИ НА АНА ТЕМКОВА ВО ЦЕНТАРОТ ЗА КУЛТУРА И ИНФОРМАЦИИ ВО СКОПЈЕ)**

**АНА ТЕМКОВА ОТСЕКОГАШ** покажуваше афинитет спрема архитектурата, отпрвин во смисла на **ентериер**, а подоцна како надворешна архитектоника, при што дојде до израз шармот на фасадите, една од најголемите доблести на нашата национална градежна уметност.

**БИ РЕКЛЕ, ДВА ГЛАВНИ** повода имала Темкова за да ѝ се посвети на сликарство со архитектонска суштина: **прво, секако, поради убавината на чудесните фасадни содржини, и второ поради емотивното сознание (што можеме да го наречеме — носталгичен мотив) дека тие убавини создадени од човечкото умеење за градежен услуп, со текот на цивилизирањето на амбиентот и на модерните урбани услови за живеење, губејќи ја притоа својата функционална суштина и практичност, својата утилитарна елементарност, постепено се препуштени не само на суров заборав, туку и на голо рушење, на бесмислено детруирање, отстапувајќи му место на нови градби или на празниот простор.**

**АНА ТЕМКОВА, ВПРОЧЕМ,** третира важни егзистенционални проблеми, во прв ред, проблемот на трајноста и на одминливоста, како проблем од филозофска категорија, а потоа проблемот на естетската димензија на човековото дејствување во просторот, во животниот амбиент.

**ВО ПОЧЕТОКОТ, ПРИ** обработката на оваа тема, Темкова беше преокупирана со многу мотиви и податоци, кои подоцна се сведуваа на минимум, давајќи ѝ примат на компактноста на фасадната белина, која е уште повеќе потенцирана со смело поставените контрасти на темните прозорски крила, на сенчестите стреи, покриви и ѕидови, на црните траверзи, кои како оструи контури ја делат и расподелуваат целата површина на композицијата. Зашто очигледно е дека Темкова **компонира**, ликовно **проектира**, небаре сака да ја обнови таа ретка архитектонска креација, што првобитно се создавала во фантазијата на нашите превосходни градители во најпитореските градови, во Крушево, Охрид, Струмица, Кратово итн., чии мотиви, имено, најмногу го заинтригирале нејзиниот сликарски темперамент.

**ДУРИ ОД ОВАА ТЕМАТСКА** изложба на Темкова се гледа дека таа веќе има создадено специфичен однос спрема феноменот на старата архитектура. Кај неа темата не се јавува **ад хок**, како наврапита инспирација, туку како едноставно набљудување на една историска појава, и затоа фасадите од разните манастирски и други згради, речиси добиваат лични карактеристики, како да се **портрети** и на една чудеска градежна судбина. И токму поради тоа можеме да кажеме дека Темкова не само што ги **слика** тие бели, варосани лица на фасадите, туку и ги портретира, како да се живи објекти, кои им одолеваат на временските катаклизми, и како и самите луѓе, го чекаат својот фатум, својот немилосрден крај.

**ИАКО ВО ТЕХНИЧКА** смисла Темкова спроведува извесна редукција на елементите, сконцентрирајќи се само врз архитектонско—геометриската структура, **сепак, нејзиниот сликарски нерв тук-таму проговорува со неколку пиктурални акценти, како украсни декори кои внесуваат освежување во општата ликовна градба, го збогатуваат визуелниот впечаток и го ублажуваат ригорозниот графизам, што е иманентен во нејзините дела.**

**Паскал ГИЛЕВСКИ**

ВЕЧЕР ☆ 4 март 1980 година

5184, 14,